НАСОКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ **МЕСЕЧНИ ИЗВЕШТАИ** ВО СОЦДАД ОД МАЛИ НЕЗАВИСНИ ПИВАРНИЦИ

Месечниот извештај за количините на произведени, испорачани и количините на залиха на акцизни добра во СОЦДАД се поднесува во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец.

Се пристапува во системот со корисничко име и лозинка на линкот

https://trader.customs.gov.mk/myAccount-ui/protected/welcome.htm




По најава во системот од физичкото лице во МОЈА СМЕТКА, се одбира TDP – портал за декларации од трговци




Се појавува почетната површина во порталот за трговци каде се прикажани сите изминати декларации по различни основи




Во менито Акцизи– Акцизна постапка – Акцизни складови – се одбира Декларација за производство од мали производители




Се појавува работната површина од декларацијата




Се кликнува на кругчето пред (2) Месечна и на кругчето пред (0) Мала независна пиварница




Следен чекор е во делот Број на акцизен склад да се кликне на лупата




Се појавува нов прозорец и се кликнува на Пребарување



Како резултат се појавуваат податоци за акцизен склад. Се кликнува на бројот на акцизниот склад (линк со црвено)



Автоматски се отчитуваат податоците за одбраниот акцизен склад




Следен чекор е да се одбере датум во Датум на акцизен период – година и Акцизен период - месец во паѓачкото мени и со клик се одбира соодветната година и месец за кој се доставува месечен извештај.






Во делот Декларација за производство од мали производители да се кликне лупата кај Шифра на национален производ



Во новиот прозорец се кликнува на Пребарување по што ќе се прикажат сите регистрирани национални производи во конкретниот акцизен склад.





Со одбирање на шифрата автоматски се вчитуваат податоците за производот и потоа се впишуваат податоците за количините согласно единицата мерка која е пропишана за производот и е отчитана пред полето за количина. Потребни се податоци за вкупно произведена количина во месецот, испорачана количина со акциза, испорачана количина без акциза (во случај на извоз со е-АД) и количина на залиха




За додавање на друг производ во декларацијата се кликнува на „+" и се отвора нов референтен број. Постапката е иста како и за првиот производ.




Следен чекор е наведување на документите кои ќе се доставаат во прилог со одбирање на шифра, впишување број на документ и по потреба коментар



По клик Провери декларација, и прикажаната порака дека е успешната проверката се одбира Поднесување на декларација




Се појавува следниот приказ. Со клик на стрелката пред Декларација – Извештај за производство од мали производители се враќа на почетниот екран.




Статусот на декларацијата е Поднесена.




Кај приказ на движење (EXB15 – декларација за производство) се одбира Приказ на движење



Се појавува претходно поднесената декларација. Во Дејство има опции Поднеси измена (за корекција на поднесените податоци), Поднеси откажување и опција Вчитување/приказ на прилози




Доколку се одбере Поднеси измена се појавува следниот статус Во исчекување на измена




Со враќање на Почетната страна, се појавува приказ дека измената е Поднесена




За приложување документи кај Дејство се одбира Вчитување/приказ на прилози




На Choose File се пребаруваат документите кои треба да се приложат (во пдф или excel формат)




Откако ќе се одбере прилогот, се кликнува на Вчитај




По прикачувањето на прилозите истите можат да се прегледаат или да се отстранат или да се оставаат како што се прикачени. Тоа е последен чекор.




| Време на поднесување | Идентификатор | Модул | Подносител | Име на датотека | Вид на датотека | Дејства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020-05-28T14:01:51.617 | 20MKXB900000000231 | EXCISE | TRADER_PORTAL | TEST.pdf | PDF | Преземи \| Избриши |




| Време на поднесување | Идентификатор | Модул | Подносител | Име на датотека | Вид на датотека | Дејства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020-05-28T14:02:57.256 | 20MKXB900000000231 | EXCISE | TRADER_PORTAL | TEST.xlsx | XLSX | Преземи \| Избриши |
| 2020-05-28T14:01:51.617 | 20MKXB900000000231 | EXCISE | TRADER_PORTAL | TEST.pdf | PDF | Преземи \| Избриши |

НАПОМЕНА: Сите декларации кои се поднесуваат во порталот за трговци мора да бидат електронски потпишани со дигитален сертификат.

Сите потребни измени се прават пред да се прифати декларацијта од царинскиот службеник.

Откако царинскиот службеник ќе ја прифати декларацијата добива статус Финализирана.




| LRN | РБД/ЕРБ/РБАД | КОРИСНИЧКИ ИДЕНТИФИКАЦИСКИ БРОЈ | ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ | ВИД НА ДЕКЛАРАЦИЈА | СТАТУС НА ДОКУМЕНТ НА ДАТУМ | СТАТУС | TIN | ДЕЈСТВО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1591173327628 | 20MKXB900000000258 | PeroSemos | сре., јун. 3, 2020 | EXB15 | сре., јун. 3, 2020 | Финализирана | MK4030995201560 | Приказ на движење |

Доколку во текот на работењето поради одредени причини не може да се заврши целосно декларацијата, може да се зачува како Нацрт (драфт) или како Примерок (Template). Нацртот може да се употреби само еднаш, додека Примерокот безброј пати со ажурирање на соодветни податоци.




Зачуваниот Нацрт или Примерок се пребарува во делот Акцизи со клик на Нацрт или на Примерок.

